**_ООУ „Тихомир Милошевски“_**

_Ѓорче Петров - Скопје_

# КОНКУРС ЗА ИЗБОР
# НА
# ПРВЕНЕЦ НА ГЕНЕРАЦИЈА И НАЈДОБРИ УЧЕНИЦИ ПО ОДДЕЛЕНИЈА

_ООУ „Тихомир Милошевски“, с. Ново село - Скопје, распишува конкурс за избор на **првенец на генерација 2015-2024 година (IX одделение)**, како и за најдобри ученици за учебната **2023-2024 година од IV до IX одделение.**_

За конкурсот:

- Конкурсот е отворен од **31.05.2024** до **20.06.2024** година
- Право на учество имаат сите ученици од наведените одделенија.
- Учениците кои се заинтересирани за учество за конкурсот, во наведениот рок треба во затворен плик да ги поднесат документите кај секретарот на ООУ „Тихомир Милошевски“. Задоцнети апликации нема да бидат прифатени.

Насоки за апликантите:

- Учениците од IX одделение кои аплицираат за **првенец на генерација** доставуваат документи од I до IX одделение, односно за учебните 2015 до 2024 година.
- Учениците од IV до IX одделение кои конкурираат за **најдобар ученик на одделение**, доставуваат документи само за учебната 2023-2024 година.

Изглед на апликацијата:

- Насловна страна со податоци за училиштето и ученикот
- Кратка биографија на ученикот
- Копии од свидетелства за завршени одделенија (само оние за кои се аплицира)
- Копија од евидентен лист за учебната 2023-2024 година
- Копии од добиени дипломи за освоени места на училишни, општински, регионални, државни и меѓународни натпревари и конкурси, на кои ученикот бил испратен и го претставувал ООУ „Тихомир Милошевски“.
- Потврди за освоено место доколку ученикот сеуште нема добиено диплома. Воедно за секоја потврда да приложи и ранг листа од објавени резултати од натпреварот.
- Потврда за активно учество во слободни ученички активности (најмногу 2 секции) за учебната 2023-2024 година. Истите треба да ги добие од одделенскиот раководител или предметниот наставник.

_Забелешки:_

- _Подетални насоки околу прибира њето на потребната документација, учениците можат да добијат кај своите одделенски раководители_
- _Критериумите за избор на првенец на генерација и најдобар ученик на одделение се истакнати на огласната табла во училиштето_

**Комисија за избор на првенци**
31.05.2024

**в.д директор**
Игор Митковски